Јавна здравствена установа
Универзитетски институт за позитронско
-емисиона томографија на Република Македонија
Бр. 04-218/01
14.09. 2023 год.
Скопје

Врз основа на член 30 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” 275/19 и 14/20) и Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (“Службени весник на Република Македонија” број 11/15 и 35/18), Директорот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија објавува,

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2023 ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ЗА СЛЕДНОТО РАБОТНО МЕСТО**

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место:

**01. ЗДР 01 02 Б02 002 Раководител на сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи, Сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи - 1 (еден) извршител**

**Посебни услови за работното место**

**- Стручни квалификации:** ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, **Економски или правни науки**

**- Работно искуство:** најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

**Општи работни компетенции**

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон странките/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции**

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- потврда за положен испит за административно управување

**Распоред на работно време**

**- Работни денови:** понеделник - петок

**- Работни часови неделно:** 40

**- Работно време:** од 08:00 до 16:00 часот

**Паричен нето износ на плата:** 33.398,00 денари

**Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- Да е оценет со оценка А или Б при последно оценување на кое бил оценуван,
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- Да поминал најмалку две години на истото ниво и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Кандидатот потребно е да поднесе пријава на службената електронска адреса на Секторот за материјално-финансиско работење и административно-технички работи и пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на РСМ до Секторот за материјално-финансиско работење и административно-технички работи.

Кандидатот, пријавата со потребните документи треба да ја достави во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас. Во пријавата кандидатите должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од понатамошната постапка по овој оглас.

**ДИРЕКТОР**

**Проф. д-р Ана Угринска**